РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 04 - 3987/17
04 -05- 2026 20 год. viti

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) министерството за образование и наука, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на 1 извршител - кандидат за вработување по јавен оглас

1. По јавниот оглас број 195/2026 за вработување на административен службеник во Министерството за образование и наука, објавен во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха", како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, од Предлогот за вработување на кандидат за работното место Советник за буџетска координација ................................................................ **1 извршител**, се избира следниот кандидат:
   - Јулија Владимирова

2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

На ден 19.03.2026 година во дневните весници „„Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха", како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во Министерството за образование и наука, за работното место Советник за буџетска координација - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, Бр.10-871/3 од 23.03.2026 година донесено од страна на директорот на Агенцијата за администрација.

На ден 03.04.2026 година, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник заведен под бр.10-871/4 од 03.04.2026 година.

На ден 24.04.2026 година, Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр.10-871/6 од 24.04.2026 година.

На ден 29.04.2026 година, дирокторот на Агенцијата за администрација донесе Решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас завден под бр.10-871/7 од 29.04.2026 година.

На ден 29.04.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју на административен службеник и за истото состави Записник заведен под бр.10-871/8 од 29.04.2026 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата, на ден 04.05.2026 година до Министерството за образование и наука доставена е Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по

јавниот оглас бр.195/2026 година, со архивски бр.10-871/9 од 30.04.2026 година на работно место Советник за буџетска координација.

Согласно со член 45 став 1 од Законот за административни службеници, „Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (1), (3), или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор.“

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, министерката за образование и наука изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Проф.д-р Весна Јаневска

Изготвил :Александра Анчева
Согласен: Славица Мирческа Атовска

Доставено до:
- Избраниот кандидат
-Сектор за управување со човечки ресурси
-Агенција за администрација
- Архива